РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 12-03-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11/1 | 460/11 | | |

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

| Примено: | 12.03.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11/1-460/11 | | | |


# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | ЈП Македонска радиодифузија | | |
| **Датум** | 28.02.2020 година | **Време** | 13:00 – 15:00 часот |
| **Бр. на седница** | Петта седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов– претседател<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Сашко Мукаетов – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Имер Далипи -претседател на Меѓуресорска работна група за подготовка на Анализа за постојната оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, Адмирим Алити, директор на ЈП Македонска радиодифузија, Маја Коруновска Јанчевска - ЈП МРД, Александра Митревска - ЈП МРД, Севиме Џемаили - ЈП МРД, Абдула Бајрами – ЈП МРД, Вјолца Шемши – ЈП МРД, Петар Фидановски – МИОА, Марин Деливанов – Министерство за транспорт и врски | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од четвртата седница одржана на 17.01.2020 година
2. Презентација „Мапирање на јавни институции, локации за бесплатен WiFi интернет пристап„ на ЈП Македонска радиодифузија

## БЕЛЕШКИ

Петтата седница ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на четвртата седница, одржана на 14.02.2020 година.

**За втората точка,**
Состанокот го отвори директорот на ЈП Македонска радиодифузија, Адмирим Алити, кој им посака добредојде на членовите на НКБК и останатите присутни. Презентацијата за „Мапирање на јавни институции, локации за бесплатен WiFi интернет пристап„ ја водеше претседателот на Меѓуресорската работна група за подготовка на Анализа за постојната оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, Имер Далипи.

Тој напомена дека во изминатиот период постигнати се значајни, иако нецелосни резултати на планот на мапирањето, заблагодарувајќи се на сите субјекти вклучени во процесот. Далипи истакна дека обврската за мапирањето произлегува од точката 1.9 од Националниот оперативен бродбенд план (НОБП), а во активностите беа вклучени вкупно девет лица од ЈП Македонска радиодифузија. Тој додаде дека искуството од досега собраните податоци покажа оти потребна е поголема упатеност на јавните институции, со цел да се добијат поквалитетни и посеопфатни податоци.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, во тој поглед посочи дека може да се организира обука, како еден вид работилница, со цел јавните институции поквалитетно и поцелосно да можат да ги пополнуваат обрасците, со кои ќе се бараат дополнителни податоци.

Александра Митревска од ЈП МРД, истакна дека при мапирањето на општините

контактирани се 81 единица на локалната самоуправа, од кои 76 доставиле целосни податоци, три општини воопшто немаат доставено информации, додека две доставиле делумни податоци. Таа дополни дека нема општини во државата кои имаат изградено оптичка инфаструктура, ниту имаат во план тоа да го сторат во период од наредни 3 години.

Членот на НКБК, Боро Јакимовски, истакна дека во тој поглед ЗЕЛС може да помогне, посебно кај оние општини кои немаат доставено никакви податоци за мапирање.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, истакна дека согласно закон НКБК има обврска да учествува при утврдување на локации за WiFi точки. На тоа се надоврза Имер Далипи, кој посочи дека Националната канцеларија за бродбенд компетентност исто така може да даде препораки до општините за определување WiFi точки.

Сашко Мукаетов потенцира дека во овој момент побитни се податоците за урбаните средини, додека за белите зони и руралните средини може да се добијат во подоцнежната фаза на процесот.

Присутните дискутираа околу идејата на единиците на локална самоуправа да им се испрати материјал од доставени податоци на некоја општина која целосно и квалитетно одговорила и која би послужила како урнек за добивање поквалитетни податоци за мапирањето.

Во поглед на мапирањето на институциите, Имер Далипи истакна дека контактирани се 1.488 јавни институции, од кои од 1.330 имаат добиено целосни податоци, 158 немаат доставено информации, 10 имаат делумно доставено, додека само 16 имаат изградено оптичка инфраструктура со јавни средства.

Маја Коруноска Јанчевска од ЈП МРД истакна дека процесот на прибирање на податоци и нивната обработка продолжува и понатаму, со цел да се изготви поквалитетна студија на изводливост на НТОМ.

Присутните на седницата заеднички констатираа дека станува за почетни податоци кои во идниот период ќе бидат ажурирани и ревидирани, а за тоа ќе биде неопходна помош од НКБК, МИОА и ЗЕЛС за идните чекори при мапирањето, пред се од аспект на финализирање на предлозите за WiFi локации. За исполнување на овие цели наскоро ќе биде остварена работна средба со претставници на ЗЕЛС.

Од страна на претставниците на ЈП МРД беше кажано дека по ревидирањето и дополнувањето на некои делови од презентацијата (согласно дебатата од состанокот) планираат да ја објават на нивната веб страна како почетна/работна верзија.

Записникот го водеше **Владимир Соколов** ______

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** ______